SIGAL Life Insurance Group

# Посебни услови за осигурување на деца

Друштво за животно осигурување СИГАЛ ЛАЈФ А.Д Скопје, Бул. Илинден 1 , 1000 Скопје, тел. 02 3288 820. факс 02 3215 128, www.sigal.com.mk
Овие услови се донесени на редовна седница на Управен одбор одржана на 06.03.2026 година и со одлука бр. 0204-38/1 се применуваат од 06.03.2026 година

**Член 1**

Овие Посебни услови за осигурување на деца со Општи услови за осигурување на живот во случај на смрт или доживување со повеќекратно плаќање на премија односно Посебни услови за осигурување на живот во случај на смрт или доживување со еднократно плаќање на премија, сочинуваат составен дел од договорот за осигурување на деца кои осигурувачот ги склучува со договорувачот на осигурувањето.

**Член 2**

Договорувач на осигурувањето под овие услови може да биде било кое заинтересирано лице. Договорувач на осигурувањето уплатува месечна, тромесечна, полугодишна или еднократна премија на осигурување во период и на начин кој е дефиниран во полисата за осигурување.

**Член 3**

Според овие услови осигуреник може да биде дете од неговото раѓање до 13 годишна старост во моментот на стапување на осигурувањето. Осигуреникот воедно е и корисник на осигурувањето на кого осигурувачот му ја исплатува договорената осигурана сума во случај на доживување.

**Член 4**

Осигурувањето според овие услови се заклучува во случај на смрт или доживување и без лекарски преглед.

**Член 5**

Договор под овие услови се заклучува со осигурително покритие до навршување на 18 години од животот на осигуреникот.

**Член 6**

Три месеци пред доспевањето на договорената осигурена сума за наплата во случај на доживување, договорувачот на осигурувањето има можност да определи дали осигурената сума на корисникот на осигурувањето ќе му се исплати еднократно за случај на доживување на истекот на осигурувањето, во вид на еднакви ануитети во случај за стипендија, или еднократно во случај на брак.

**Член 7**

Во случај да договорувачот на осигурување се определи за еднократна исплата на осигурената сума во случај на доживување на истекот на осигурувањето на осигуреникот, осигурувачот ќе му ја исплати на корисникот на осигурувањето договорената осигурена сума вклучително и остварената добивка која му припаѓа.

**Член 8**

Во случај да договорувачот на осигурување се определи за исплата на осигурената сума во вид на еднакви ануитети (стипендија за школување) се склучува нов договор за осигурување на непосредна привремена лична рента каде иницијално договорениот загарантиран износ на годишна рента се зголемува за делот од остварената добивка која му припаѓа. Спрема новиот договор договорувачот на осигурувањето остварува право на учество во позитивниот деловен резултат на осигурувачот - Добивката . Ануитетите ќе се исплатуваат годишно и може да се исплатуваат најмалку
4 (четири), а најмногу 7 (седум) години, при што првиот ануитет ќе доспее за наплата по склучување на нов договор за осигурување на непосредна привремена лична рента.

**Член 9**

Во случај кога договорувачот на осигурувањето се определи за исплата на осигурената сума во случај на брак се склучува нов договор за осигурување за брак каде иницијално договорениот загарантиран износ на осигурителната сума во случај на брак се зголемува за делот од остварената добивка која му припаѓа. Спрема новиот договор доворувачот на осигурувањето стекнува право на учество во позитивниот долевен резултат на осигурувачот - добивката. Доколку осигуреникот стапи во брак од навршување на 18 до 25 години од живот осигурувачот ќе ја исплати договорената осигурена сума кога осигурениот случај брак ќе се склучи. Доколку осигуреникот не стапи во брак до својата 25 годишна возраст од животот осигурувачот ќе ја исплати договорената осигурителна сума кога осигуреникот (корисникот) ќе наврши 25 години.

**Член 10**

Во случај да настапи смрт на осигуреникот во текот на траењето на осигурувањето за случај на доживување, осигурувачот ќе му ја врати на договорувачот на осигурувањето до тогаш уплатената премија. Договорувачот на осигурувањето стекннува право на наплата на неисплатените ануитети во случај за стипендија кои му припаѓаат, односно осигурителнта сума во случај на брак.

Во случај смртта на осигуреникот да настапи во текот на периодот на исплата на ануитетот или во периодот кога се очекува склопување на брак, договорувачот на осигурувањето стекнува право за налата на соодветниот неисплатен ануитет, односно осигурена сума за случај на склучување на брак .

**Член 11**

Овие услови се применуваат со Општи услови за осигурување на живот во случај на смрт или доживување со повеќекратно плаќање на премија односно Посебни услови за осигурување на живот во случај на смрт или доживување со еднократно плаќање на премија, а доколку се во спротивност со нив се применуваат одредбите од овие услови.

Се што не е опфатено под овие услови се применуваат одредбите за Општи услови за осигурување на живот во случај на смрт или доживување со повеќекратно плаќање на премија односно Посебни услови за осигурување на живот во случај на смрт или доживување со еднократно плаќање на премија .

**Член 12**

Доколку еден од родителите, кој е договорувач на осигурувањето на детето, и кој има полиса за животно осигурување на СИГАЛ Лајф, доживее сообраќајна незгода во која би го загубил животот, СИГАЛ Лајф презема одговорност да ги доплати останатите премии на осигурувањето се до последната година, со цел да се обезбеди исплата на договорената осигурена сума.

**Член 13**

Во случај кога осигуреникот, односно корисникот на осигурувањето смета дека друштвото за осигурување не се придржува кон одредбите од договорот за осигурување, истиот може да достави претставка до:

1. Организационата единица надлежна за решавање на спорови меѓу договорни страни во рамките на друштвото за осигурување (комисија за постапување по преставки);
2. Службата за внатрешна ревизија во друштвото за осигурување;
3. Организацијата за заштита на потрошувачи и
4. Агенцијата за супервизија на осигурување.

Друштвото за осигурување преку воспоставен систем и интерни процедури одлучува по поднесените преставки во рок од 30 дена од денот на поднесување на преставката

Друштвото води регистар на доставени и решени преставки и за истите во законските рокови е должно да ја известува Агенцијата за супервизија на осигурувањето.

**Член 14**

За сето она што не е регулирано со овие Општи услови, Законот за супервизија на осигурување и Законот за заштите на потрошувачите важат одредбите на Законот за облигациони односи

Согласно со Законот за супервизија на осигурувањето, член 107 и член 108, податоците за осигуреникот и полисата се доверливи. Овие услови се донесени на редовна седница на Управен одбор одржана на 06.03.2026 година и со одлука бр. 0204-38/1 се применуваат од 06.03.2026 година.